**БИЛАНС НА УСПЕХ 31.12.2017**

| ПОЗИЦИЈА | | 31.12.2017 | 31.12.2016 | БЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| Приходи | 36 | 1.341.876 | 1.406.446 | 11 |
| Останати приходи | 37 | 372.455 | 227.981 | 12 |
| Сопствени производи употребени и капитализирани во претпријатието | 38 | 1.275 | 1.589 | |
| Залиха на готови производи и производство во тек на почетокот на годината | 39 | 164.476 | 96.365 | |
| Залиха на готови производи и производство во тек на крајот на годината | 40 | 111.597 | 164.914 | |
| Употребени суровини и потрошни матријали | 41 | 118.279 | 115.687 | 13 |
| Трошоци за вработените | 42 | 786.208 | 857.257 | 14 |
| Амортизација | 43 | 48.305 | 45.487 | 15 |
| Останати расходи | 44 | 576.853 | 678.620 | 16 |
| Финансиски трошоци | 45 | 57.346 | 1.519 | |
| Удел на добивката на придружени друштва | 46 | | | |
| Удел на загубата на придружени друштва | 47 | | | |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА од редовното работење ред.бр.(036+037+038+046)-(039-040+041+042+043+044+045+047)** | **48** | 75.736 | 5.995 | |
| Нето добивка од прекинати работења | 49 | | | |
| Нето загуба од прекинати работења | 50 | | | |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ РЕД.БР.(048+049)или(048-050)** | **51** | 75.736 | 5.995 | |
| Данок на добивка | 52 | 7.799 | 3.939 | |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА(РЕД.БР.051-052)** | **53** | 67.937 | 2.056 | |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА КОЈА МОЖЕ ДА ИМ СЕ ПРИПИШЕ НА:** | 54 | | | |
| Сопствениците на матичното друштво | 55 | | | |
| Неконтролирани (малцински)учества | 56 | | | |

СКОПЈЕ
дата 15.03.2018 год

Лице одговорно за
составување на образецот

Директор

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**

| ПОЗИЦИЈА | | 31.12.2017 | 31.12.2016 | БЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА (Р.Б.053 ОД БУ)** | 57 | 67.937,00 | 2.056,00 | |
| **ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА (ОД Р.Б.059 ДО Р.Б.064)** | 58 | | | |
| Курсни разлики од пресметка на вложување во странство | 59 | | | |
| Добивка или загуба по основ на повторно вреднување на финансиски средства расположиви за продажба | 60 | | | |
| Добивка или загуба по основ на ефективна заштита на паричен тек | 61 | | | |
| Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните средства | 62 | | | |
| Актуарски добивки(загуби)од пензиски планови на дефинирани користи | 63 | | | |
| Удел во останата сеопфатна добивка на придружени претпријатија | 64 | | | |
| **ДАНОК НА ДОБИВКА КОЈ СЕ ОДНЕСУВА НА КОМПОНЕНТИТЕ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА** | **65** | | | |
| **НЕТО ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА (Р.Б.058-Р.Б.065)** | **66** | | | |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА (Р.Б.058+Р.Б.066)** | **67** | | | |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА КОЈА МОЖЕ ДА ИМ СЕ ПРИПИШЕ НА :** | **68** | | | |
| Сопствениците на матичното друштво | 69 | | | |
| Неконтролирани (малцински)учества | 70 | | | |

СКОПЈЕ
дата 15.03.2018год

Лице одговорно за составување на образецот

Директор

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА 31.12.2017

| ПОЗИЦИЈА | | 31.12.2017 | 31.12.2016 | |
|---|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | | |
| **Б) ДОЛГОРОЧНИ СРЕДСТВА (РЕД.БР 002+.003 + 004 + 005 + 006+007+008)** | 1 | **59.085.285** | **59.123.535** | |
| Нематеријални средства | 2 | 17.279 | 20.625 | 1А |
| Недвижности,постројки И опрема | 3 | 732.202 | 773.061 | 1 |
| Вложувања во недвижности | 4 | | | 1 |
| Биолошки средства | 5 | 58.308.414 | 58.302.459 | |
| Долгорочни вложувања | 6 | 26.309 | 26.309 | |
| Долгорочни побарувања | 7 | 1.081 | 1.081 | |
| Одложени даночни средства | 8 | | | |
| **В)ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (010+011+012+013+014+015+016)** | 9 | **503.271** | **615.112** | |
| Залихи | 10 | 150.818 | 216.588 | 2 |
| Побарувања од купувачи | 11 | 61.511 | 127.062 | 3 |
| Останати краткорочни побарувања | 12 | 48.122 | 34.730 | 4 |
| Побарувања од државата И други институции | 13 | 164.275 | 162.077 | |
| Краткорочни финансиски вложувања | 14 | 175 | 290 | 3А |
| Активни временски разграничувања | 15 | 71.277 | 22.449 | 5 |
| Парични средства И еквиваленти на парични средства | 16 | 7.093 | 51.916 | 6 |
| **ВКУПНА АКТИВА (001+009)** | 17 | **59.588.556** | **59.738.647** | |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | | |
| **А)КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ (019-020-021+022+023+024+-025+-026)** | 18 | **58.726.909** | **58.661.514** | |
| Запишан капитал | 19 | 5.940.384 | 5.940.384 | 7 |
| Запишан а неуплатен капитал | 20 | | | |
| сопствени акции И удели | 21 | | | |
| Премии на емитирани акции | 22 | | | |
| Ревалоризациона резерва | 23 | 53.245.316 | 53.245.316 | |
| Резерви | 24 | | 295.351 | |
| Акумулирана добивка/загуба | 25 | -526.728 | -819.537 | |
| добивка/загуба | 26 | 67.937 | | |
| **Б) НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО** | 27 | | | |
| **В) ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ** | **28** | **148.706** | **289.352** | |
| **Г) ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | **29** | **11.070** | **24.804** | 8 |
| **Д) ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (031+032+033+034)** | **30** | **701.871** | **762.977** | |
| Обврски спрема добавувачи | 31 | 227.561 | 286.722 | 9 |
| Останати краткорочни обврски | 32 | 464.878 | 456.531 | 9А |
| Одложени даночни обврски | 33 | | | |
| Одложено плаќање на трошоци И приходи во идните периоди | 34 | 9.432 | 19.724 | 10 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ(018+027+028+029+030)** | 35 | **59.588.556** | **59.738.647** | |

СКОПЈЕ
дата 15.03.2018год

Лице одговорно за составување на образецот

Директор

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК
## НА ГОЛЕМИ И СРЕДНИ СУБЈЕКТИ 2017

| ПОЗИЦИЈА | | 31.12.2017 | 31.12.2016 |
|---|---|---|---|
| **А) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ (РЕД.БР. 072 ДО РЕД.БР.082)** | 71 | **122.155** | **303.807** |
| Нето добивка/загуба после одданочување | 72 | 67.937 | 2.056 |
| Амортизација | 73 | 48.305 | 45.487 |
| Зголемување/намалување на залихи | 74 | 65.770 | -67.976 |
| Зголемување/намалување на побар. од купувачите | 75 | 65.552 | 310.491 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | 76 | -13.393 | 6.648 |
| Зголемување/намалување на побарувања од државата и др.институции | 77 | -2.197 | -21.356 |
| Зголемување/намалување на АВР | 78 | -48.713 | 13.320 |
| Зголемување/намалување на обврски спрема добавувачите | 79 | -59.162 | 37.664 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | 80 | 8.347 | -11.873 |
| Зголемување/намалување на ПВР | 81 | -10.291 | -10.654 |
| **Б) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ (РЕД.БР. 083 ДО РЕД.БР. 087)** | 82 | **-10.056** | **-85.955** |
| Дирекни набавки на нематеријални И материјални седства | 83 | -25.547 | -93.341 |
| Продажба на матрејални и нематријални средства | 84 | 2.591 | 206 |
| Зголемување/намалување на долгорочни вложувања | 85 | 12.900 | 7.180 |
| Зголемување/намалување на долгорочни побарувања | 86 | | |
| Зголемување/намалување на краткорочни финансиски вложувања | 87 | | |
| **В) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (РЕД.БР.089 ДО РЕД.БР.093)** | 88 | **-156.922** | **-328.568** |
| Зголемување на капиталот | 89 | -2.542 | -309.248 |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | 90 | -13.734 | -734 |
| Долгорочни резервирања | 91 | -140.646 | -18.586 |
| Исплатени дивиденти | 92 | | |
| Откуп/продажба на сопствени акции | 93 | | |
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (ред.бр.071+/-082+/-088)** | 94 | **-44.823** | **-110.716** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | 95 | 51.916 | 162.632 |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | 96 | 7.093 | 51.916 |

Скопје,
15.03.2018год

Лице одговорно за
составување на образецот

Директор,

## ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНАТА
## НА ГОЛЕМИ И СРЕДНИ СУБЈЕКТИ 31.12.2017

| ПОЗИЦИЈА | 31.12. ПРЕДХОДНА ГОДИНА | ЗГОЛЕМУВАЊЕ | НАМАЛУВАЊЕ | ТЕКОВЕН ПЕРИОД |
|---|---|---|---|---|
| Запишан капитал | 5.940.384 | | | 5.940.384 |
| Премии на емитирани акции | | | | |
| Откупени сопствени акции | | | | |
| Резерви | 295.351 | | 295.351 | 0 |
| Акумулирана дибивка/загуба | -821.593 | 297.408 | 2.543 | -526.728 |
| Дивиденди | | | | |
| Ревалоризирана резерва | 53.245.316 | | | 53.245.316 |
| Добивка за годината | 2.056 | 67.937 | 2.056 | 67.937 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | 58.661.514 | 365.345 | 299.950 | 58.726.909 |
| **ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА:** | | | | |
| Курсни разлики од пресметка на вложување во странство | | | | |
| Добивка или загуба по основ на повторно вреднување на финасиски средства расположиви за продажба | | | | |
| Добивка или загуба по основ на ефективна заштита на паричен тек | | | | |
| Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните средства | | | | |
| Добивка или загуба по основ на ефективна заштита на нето вложување во странство | | | | |
| Удел во останата сеопфатна добивка на придружени претпријатија | | | | |
| Актуарски добивки (загуби) од пензиски планови на дефинирани корисници | | | | |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | | | |

СКОПЈЕ
дата 15.03.2018 год

Лице одговорно за составување на образецот

Директор,

# ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ

## I Општи информации

- ***Ј.П"МАКЕДОНСКИ ШУМИ" по -СКОПЈЕ***

Регистарска влошка бр.66/98 во трговскиот регистар

- Седиште - Скопје на Перо Наков 128
- Промени во регистарската влошка на денот на издавање бр.30120120001563
- Позначајни дејности: одгледување , заштита и искористување на шумите
- Број на вработени по степен на образование;
  - Д-р - 1
  - М-р - 17
  - ВСС - 405
  - ВШС - 70
  - ССС - 1134
  - ОО - 593

  Вкупно 2.220
- Сопственичка структура: *државен капитал*

## II Основа за подготовка на годишната сметка

- Изјава за усогласеност(врз основа на кои стандарду е подотвена годишната сметка) ***Меѓународните смедководствени стандарди (МСС) и Меѓународните стандарди за финасиско известување (МСФИ).***
- Информација дали годишната сметка е поединечна или косолидирана: ***поединечна***
- Валута на презентација: ***МК***
- Податоците се илјади денари

## III Значајни сметководствени полотики

### 1. *Материјални средства*

Матрејалните средства - недвижностите, постројките и опремата се искажани според основниот третман по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација.

Амортизацијата се пресметува по стапки не пониски од стапките пропишани со Номенклатурата на средства за амортизација и годишните амортизациони стапки, кои се одредуваат така што набавната вредност на основните средства се амортизира во

еднакви годишни износи во текот на предвидениот корисен век на употреба.
Применетите стапки на амортизација се:

- Градежни објекти 2,5%
- Шумски патишта 3.3%
- Шумскостопански основи 10%
- Грејни тела 10%
- Опрема 15%
- Патнички автомабили 10%
- Камиони 6.6%
- Механизација 6.6%

**_1А. Нематрејални средства_**

Нематрејалните средства по почетното признавање се евидентира по набавната вредност. Нематеријалните средства се амортизираат со примена на пропорционалната метода според очекуваната употреба во периодот во кои се вклучува економската корист но не подолго од 5 години.
Применета стопка е 20%

**_2. Залихи_**

Залихите на суровините, материјали, ситен инвентар, резервни делови, амбалажа и автогуми се искажани по трошокот на набавка ако не ја надминуваат нето реализираната вредност.
Трошокот на залихи на материјали и суровини се мери со методот ФИФО
Трошокот на ситен инвентар, амбалажа и автогуми се врши со еднократен отпис 100% со ставањето во употреба.
Залихите на недовршеното производство се признаваат според трошокот на производ ство согласно барањата на МСС 2.
Залихите на готови производи се признаваат според цената на производство (трошокот на производство) доколку таа цена не е повисока од нето вредноста која може да се реализира.
Залихите на трговските стоки се мерат според трошокот на нивното купување, раздолжувањето се врши со примена на методата ФИФО.

**_3. Побарувања од купувачите_**

Побарувањата од купувачите и другите побарување се признаваат во билансот доколку реално се очекува дека ќе се наплатат во рок од едне година од датумот на составување на билансот.
Побарувањата за кои истекол рокот за наплата, а купувачот е тужен се искажува одвоено како спорни и сомнотелни.
Доколку се појави определено сомневање за реалноста на наплатата на побарувањата истите вредности се усогласуваат

### 3 А. Краткорочни финасиски вложувања

Краткорочните финасиски вложувања се класифицираат како краткорочни доколку на датумот на составување на билансот се очекува дека ќе бидат наплатени за 12 месеци

### 4. Останати краткорочни побарувања

Останатите краткорочни побарувања се искажуваат според номиналната вредност
Во останатите краткорочни побарувања се вкучени

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Побарувања за надомес на штети и останато | 1.119 |
| Побарувања од вработени за кусоци | 45.018 |
| Побарувања од вработени по останати основи | 986 |
| Побарувања од вработени за гориво | |
| Побарувања од државата | 164.275 |

### 5. Активни временски разграничувања

Во позиција на активни временски разграничувања се опфатени трошоци кои се распределени за идни периоди

### 6. Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се искажуваат во билансот на состојба и извештајот на парични текови и опфаќа

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Готовина во благајна | 624 |
| Состојба на сметките во банка | 6,439 |
| Девизни средства | 7 |

### 7. Капитал

Капиталот заедно со резервите изнесува 58.897.210 илјада денари и ги опфака следните позиции:

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Основен капитал | 5.940.384 |
| Резерви | 53.245.315 |
| Загуби | 526.728 |

Со цел утврдување на вредноста на вложувањата од страна на основачот Влада на Р.Македонија, извршена е капитализација од која произлегува промена во структурата на капиталот.

За покривање на загубите ќе се користат сите позиции на капиталот освен основниот капитал

### 8. Долгорочни обврски

Обврските се класифицираат како долгорочни доколку на датумот на составување на биласот рокот на враќање им е повеќе од 12 месеци

### 9. Краткорочни обврски

Обврските се класифицираат како краткорочни доколку на датумот на составување на билансот се очекува дека ќе бидат надоместени за 12 месеци

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Обврски спрема добавувачи | 187.202 |

Останати краткорочни обврски

| | |
|---|---|
| Нето плати | 43.238 |
| Даноци од плати | 2.821 |
| Придонеси од плати | 17.451 |
| ДДВ | 105.425 |
| Обврски по закон за шуми | 250.134 |
| Персонален данок и др.даноци | 7.181 |
| Придонеси | |
| Данок од добивка | 7.585 |
| Обврски за неисплатени надоместоци спрема вработени | 24.011 |
| Камата по кредити | / |

### 9 А Обврски за аванси

Обврски за аванси се презентирани како краткорочни и ќе се надоместат за 12 месеци

### 10 Пасивни временски разганичувања

Во позицијата на пасивни временски разграничувања се опфатени одредени пресметани приходи кои се однесуваат на наредниот пресметковен период

**11 Приходи од продажба на стоки и услуги**

Приходите од продажба на стоки и услуги се презентирани по објективна вредност на надоместокот кој е примен или се побарува
Приходите се намалени за дадените попусти и ДДВ
Приходите опфакаат:

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Приходи од домашен пазар | 1.267.533 |
| Приходи од продажба на стоки | 16 |
| Приходи од продажба на услуги | 74.990 |
| Приходи од продажбан а странски пазари | / |

**12 Останати оперативни приходи**

Останати оперативни приходи се презентирани по објективна вредност на надоместокот кој е примен или се побарува

Останати оперативни приходи опфаќаат:

| | |
|---|---|
| Приходи од конфискувани дрва | 11.176 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 2.233 |
| Приходи од укинување на догорочни резервирања | 96.221 |
| Приходи од отписи на обврски | 13.545 |
| Приходи од вишоци | 1,633 |
| Приходи од минати години | 186,219 |
| Приходи од наплатени шумски штети | 10.295 |
| Приходи од наплатени кусоци | 8.307 |
| Приходи од камати | 3.303 |
| Останати приходи | 2.764 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | 1.275 |

**13 Потрошени матрејали и ситен инвентар**

Потрошоните матрејали се презентирани според набавната вредност а отписот на ситниот инвентар се спроведува 100% со ставање во употреба

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Потрошени материјали | 30.002 |

| | |
|---|---|
| Потрошени резервни делови | 17.930 |
| Отпис на ситен инвентар | 3.390 |
| Потрошена енергија | 66.958 |

### *14 Трошоци на вработени*

Трошоците на вработените се презентираат според номинални износи и ги опфаќаат бруто платите за вработените и надоместоците на трошоци на вработените:

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Бруто плати | 738.410 |
| Надоместоци на вработени | 36.237 |

### *15 Амортизација и ревалоризација на амортизација*

Амортизацијата се пресметува по пропишаните стапки согласно номенклатурата на средствата за амортизација (како и според донесените сметководствени политики) што се применува за даночни цели.
Според сметководствените политики ревалоризацијата на амортизацијата на се пресметува
За 2017 година трошоците за амортизација изнесува: 48.305

### *15А Останати долгорочни разервирања*

Долгорочните резервирања се пресметуваат согласно законот за шуми и се признат трошок за даночни цели
За 2017 година трошоците за долгорочни разграничувања изнесува: 110.150

### *16 Останати оперативни расходи*

Останати оперативни расходи се презентираат по набавна вредност
Останатите оперативни расходи опфаќаат:

| | *Во илјади денари* |
|---|---|
| Транспортни услуги | 182.248 |
| Надворешни услуги за изработка на производи | 104.510 |
| Услуги за одржување и заштита | 11.920 |
| Трошоци за закупнини | 16.342 |
| Останати услуги | 13.494 |
| Вредносно усогласување на краткорочните побарувања | 1.891 |
| Вредносно усогласување на залихите | 506 |

| | |
|---|---|
| Дневници за службени патувања | 157 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација И спонзорство | 662 |
| Премии за осигурување | 914 |
| Даноци и придонеси кои независат од резултатот | 2.732 |
| Банкарски услуги | 1.199 |
| Останати нематериални трошоци | 1.675 |
| Кусоци | 12.616 |
| Казни, пенали и надомес на штети | 303 |
| Трошоци од минати години | 35.889 |
| Трошоци за камати | 52.803 |

***17 Набавна вредност на трговски стоки***

Расходот по основ на набавна вредност на трговски стоки реализирана со продажба на стоките на домашен пазар изнесува

***18 Финасиски приходи***

Во финасиските приходи е вклучена само каматата од заеми дадени на други субјекти. Приходот од каматата се признава на временска пропорционална основа

***19 Финасиски расходи***

Во финасискиот расход е вклучена само каматата од долгорочните кредити од банки. Во расходит од камати е вклучена каматата што се однесува за пресметковниот перид.

***20 Данок од добивка***

Данокот на добивка е пресметан согласно со законот за закон на добивка. Даночната обврска се пресметува на непризнаените расходи во согласност со актуелните прописи.Персметката на данок од добивка е извршена на образец Д.Б.

**IV Користени проценки**

Применитите методи на значајни проценки кои се применети (за нематеријални и материјални средства, приходи,рсходи и друго) ***не се корегирани***

**V Промена на сметководствените политики и корекцииna грешки**

Описот на промената или корекцијата (врз основа на кој стандард или друга законска регулатива е настаната промената) за кои позиции на

годишната сметка се однесуваат и квантифицирани ефекти од извршената промена или корекција: ***нема***

## VI Управување со ризик

Описот на ризикот (кредитен ризик, пазарен ризик, ризик на ликвидност) и користени методи за мерење на ризикот и квантифицирани информации за ризикот: ***нема***

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

*По Годишна сметка за период 01.01.- 31.12.2017 година*

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: ................................ | ЈП."Македонски шуми" п.о.,. Скопје |
| Седиште на субјектот: ............................. | ул "Перо Наков ",128 , Скопје |
| Даночен број : ........................................ | 4030998338949 |

ЈП "Македонски шуми" е формирано со Одлука на Владата на Република Македонија бр.3028/1 од 15.12.1997 година, како правен следбеник на дотогашните претпријатија за стопанисување со шуми. Во моментот, во составот на јавното претпријатие стопанисуваат 30 подружници, чија основна дејност е стопанисување со шумите во државна сопственост, во што спаѓа одгледување, заштита и користење на шумите.

Вкупниот број на вработени во ЈП "Македонски шуми" за деловната 2017 година изнесува 2.220, во кој, според квалификационата структура, високостручниот кадар (Д-р, М-р, ВСС, ВШС ) учествува со 22,12%, а средностручниот и нискостручниот кадар ( ССС, СОЗ ) со 77.88%.

Цел на овој извештај е да се изврши објективно согледување на материјално-финансиските состојби во 2017 година.

Финансискиот извештај се изготвува врз основа на Меѓународни сметководствени стандарди МСС, Меѓународни сметководствени финансиски извештаи МСФИ и Сметководствените деловни политики.

Во деловната 2017 година ЈП "Македонски шуми" оствари вкупен приход од 1.715,606 денари и вкупен расход од 1.639.870 денари, со што искажа добивка од 75.735 денар, или добивка за финансиската година (по оданочување) од 67,937 денари.

Во 000 ден.

| Елементи | Година | | Индекс |
|---|---|---|---|
| | 2016 | 2017 | |
| Приходи | 1.636.016 | 1.715.606 | 1,05 |
| Расходи | 1.630.020 | 1.639.870 | 1,00 |
| Загуба / добивка | 5.996 | 75.735 | |

| Година - 2017 | Планирани | Остварени | % на оств. |
|---|---|---|---|
| Приходи | 2.189.760 | 1.715.606 | 78,35% |
| Расходи | 1.995.786 | 1.639.870 | 82,16% |

**Вкупните приходи се состојат од:**

- Приходи од продажба на производи во износ од 1.342.539 денари за 2017 година и 1.406.446 денари за 2016 година;
- Останати приходи за 2017 година во износ од 368.655 денари, за 2016 година во износ од 227.981 денари. Останатите приходи опфаќаат:

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Приходи од конфискувана дрвна маса | 17.077 | 11.176 |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања | 6.503 | 2.233 |
| Приходи од укинување на долгорочни резервирања | 97.796 | 96.221 |
| Приходи од отписи на обврски | 51.685 | 13.545 |
| Приходи од вишоци | 570 | 1.633 |
| Приходи од минати години | 8.888 | 186.219 |
| Приходи од наплатени шумски штети | 20.649 | 10.295 |
| Приходи од учество во вложувања | - | - |
| Приходи од наплатени кусоци | 83 | 8.307 |
| Приходи од камати | 567 | 3.303 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | 1.589 | 1.275 |
| Останати приходи | 1.222 | 2.764 |

**Вкупните расходи се состојат од :**

- Потрошени материјали, енергија и ситен инвентар за 2017 година во износ од 118.279 денари (7,21% од вкупните трошоци), а за 2016 година во износ од 115.686 денари (7,09% од вкупните трошоци);

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Потрошени материјали | 23.977 | 30.002 |
| Потрошени резервни делови | 17.530 | 17.930 |
| Отпис на ситен инвентар | 4.268 | 3.390 |
| Потрошена енергија | 69.912 | 66.958 |

- Трошоци на вработените за 2017 година во износ од 783.648 денари (47,78% од вкупните трошоци), а за 2016 година во износ од 857.257 денари (52,59% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Бруто - плати | 798.777 | 738.410 |
| Надоместоци на вработени | 58.480 | 36.237 |

- Амортизација за 2017 година во износ од 48.305 денари (2,94% од вкупните трошоци), а за 2016 година во износ од 45.487 денари (2,79% од вкупните трошоци);
- Резервирања на трошоци и ризици за 2017 година во износ од 110.150 денари (6,71% од вкупните трошоци), а за 2016 година во износ од 130.523 денари (8,00% од вкупните трошоци);
- Останати расходи за 2017 година во износ од 461.208 денари (28,12% од вкупните трошоци), а за 2016 година во износ од 481.067 денари (29,51% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Транспортни услуги | 228.107 | 182.248 |
| Надворешни услуги за изработка на производи | 121.588 | 104.510 |
| Услуги за одржување и заштита | 9.290 | 11.920 |
| Трошоци за закупнини | 20.380 | 16.342 |
| Останати услуги | 16.985 | 13.494 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 1.632 | 1.891 |
| Вредносно усогласување на залихите | 29 | 506 |
| Дневници за службени патувања | 155 | 157 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација и спонзорство | 984 | 662 |
| Премии за осигурување | 1.178 | 914 |
| Даноци кои не зависат од резултатот | 2.540 | 2.732 |
| Банкарски услуги | 1.258 | 1.199 |
| Останати нематеријални трошоци | 1.948 | 1.675 |
| Кусоци | 845 | 12.616 |
| Казни, пенали и надомест на штети | 1.716 | 303 |
| Трошоци од минати години | 28.669 | 35.889 |
| Трошоци за камати | 1.509 | 52.803 |

Вкупната актива/пасива за деловната 2017 година изнесува 59.588.556 денари, а за деловната 2016 година изнесува 59.738.647 денари;

Капиталот заедно со резервите на 31.12.2017 година изнесува 58.658.971 денари, а на 31.12.2016 година изнесува 58.661.514 денари, и ги опфаќа следните позиции:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Основен капитал | 5.940.384 | 5.940.384 |
| Резерви | 53.245.315 | 53.245.315 |
| Загуби | -819537 | -526.728 |

Со цел утврдување на вредноста на вложувањата од страна на основачот Влада на Р.Македонија, извршена е капитализација, од која произлегува промена во структурата на капиталот.

**Краткорочните обврски со 31.12.2017 / 31.12.2016 година се искажани во табелата:**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Обврски спрема добавувачи | 213.783 | 187.202 |

**Останати краткорочни обврски :**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Нето- плати | 44.137 | 43.238 |
| Даноци од плати | 2.493 | 2.821 |
| Придонеси од плати | 19.118 | 17.451 |
| ДДВ | 103.643 | 105.425 |
| Обврски по Закон за шуми | 222.450 | 250.134 |
| Персонален данок и други даноци | 10.717 | 7.181 |
| Придонеси | - | - |
| Данок од добивка | 20.680 | 7.587 |
| Обврски за неисплатени надоместоци спрема вработени | 30.840 | 24.011 |

Долгорочни обврски за 2017 година во износ од 11.070 денари, а за 2016 година во износ од 24.804 денари.

**Краткорочните побарувања заклучно со 31.12.2017 година изнесуваат:**

- Побарувања од купувачи – 49.979 денари (2017 год.);
- Побарувања од купувачи – 115.541 денари (2016 год.);
- Останати краткорочни побарувања:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2016 | 2017 |
| Побарувања на надомест на штети и останато | 897 | 1.119 |
| Побарувања од вработени за кусоци | 26.773 | 45.018 |
| Побарувања од вработени по останати основи | 6.544 | 986 |
| Побарувања од вработени за гориво | - | - |
| Побарувања од државата | 160.215 | 164.275 |

## Насоки за работењето во 2018 година

Раководството на ЈП "Македонски шуми" во 2018 година ќе ги превземе следните мерки и активности заради подобрување на севкупното работење на Јавното претпријатие:

- Зголемување на производството на вкупна дрвна маса согласно предвидувањата во Посебните планови за стопаниување со шумите преку обезбедување на непречен развој на планираното годишно производство согласно Програмата за работа за тековната година;
- Основна интенција во остварувањето на планираното производство треба да биде зголемување на обемот и квалитетот на производството, со истовремено намалување на трошоците на работењето, особено имајќи предвид дека претпријатието својата дејност ја извршува со самофинансирање. Ангажирање на обучена работна сила во делот на производството на шумски сортименти, заради рационално користење на шумите и изработка на квалитетни производи со највисока пазарна цена;
- Поголемо ангажирање на инжинерско-техничкиот кадар во следење и организирање на процесот на производство, со што би се намалиле сите тесни грла, како што се:
  - Неквалитетно кроење на шумските сортименти;
  - Воспоставување на шумски ред, со што ќе се олесни дотурот и ќе се направи поефикасен;
  - Усогласување на динамиката помеѓу трите фази на производство;
  - Правилно и рационално користење на техниката која што е во употреба;
  - Зголемување на процентот на учество на поквалитетни класи кај техничкото дрво, со што ќе се зголеми финансискиот ефект од работењето;
- За остварување на зацртаните основни цели во работењето, покрај ангажирањето и рационалното искористување на сите вработени, водечка улога на работни места од кои се бара голема стручност треба да имаат кадри од областа на шумарството како што се: раководители на Шумско – стопанските единици, одговорни за заштита на шумите, шефови на расадниците, за одржливо стопанисување со шумите од големо значење е и уредувањето на ШСЕ и планирањето во шумарството. Поради сето тоа, а имајќи го предвид фактот што соодветната кадровска екипираност е битен предуслов за успешно извршување на работните задачи, се планираат нови вработувања на

неопределено време, согласно Програмата за работа на ЈП„Македонски шуми„ за 2018 год., и Извадокот од Нацрт-записникот од Педесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 30.01.2018 год., според кој Владата ја разгледа Програмата за работа како материјал за информирање и истовремено заклучи дека се дава одобрение на реализацијата на планираните нови вработувања за непречено реализирање на производниот процес;

- Зголемување и подобрување на квалитетот на производите преку примената на светските стандарди и искуства;
- Во 2018 година ЈП"Македонски шуми" процентот на реализација на годишниот сечив етат ќе го зголеми и со ангажирање на дополнителен број сопствени работници (на одредено време) во фазите сеча и дотур;
- Во извршувањето на услуги од страна на надворешни извршители ќе се ангажираат фирми кои се обврзани да поседуваат лиценци за шумско културни работи за активностите сеча и дотур;
- Проширување и подобрување на патната инфраструктура е од исклучителна важност за непречено извршување на основната дејност во шумарството. Отворањето на шумите со патишта и снабдување со производи на претпријатието претставува перманентна долготрајна обврска на ЈП „Македонски шуми„ и е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи. За таа цел, ЈП „Македонски шуми„ во изминатите пет години набави 15 нови градежни машини при што дојде до намалување на трошоците, а со самото тоа и намалување на цената на чинење по единица км. Отварањето како и прочистувањето на патната мрежа ќе се извршува во најголем дел со сопствена механизација. Со соодветни шумски комуникации ќе се овозможи: поефтин и побрз превоз, зголемена ефикасност во заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници, отворање на шумите за користење на други шумски производи, подобрување на превозот на работниците;
- Во новите сопственички и пазарни услови во самото шумарство, а се со цел да се создадат современи услови на стопанисување со шумите, како и состојбата во шумарството, пред стручниот кадар на ЈП "Македонски шуми" се поставува потребата на современ начин да го реши транспортот на шумски сортименти од шума до краен купувач. Заради тоа во 2018 год. согласно Годишната инвестициона програма усвоена со Одлука донесена од Владата на РМ под бр.44-812/1 од 30.01.2018год. се планира набавка на современи транспортни средства специјализирани за транспорт на шумски сортименти: товарни

возила—камиони: бр.8, што ќе одговарат на состојбата на постоечката патна инфраструктура, како и набавка на теренски возила-џипови: бр.7 кои ќе служат за превоз и контрола на вработените до местото на обавување на своите задачи како и контрола на теренот;

- Намалување на општите и трошоците на производство и зголемување на економичноста;
- Примена на нови научни и практични сознанија во технолошките процеси на производството;
- Зголемувањето на дисциплината во работењето преку вршење контроли и ревизии по подружниците со воведување на добра работна дисциплина;
- Продолжување на имплементацијата на електронскиот систем за надзор и контрола на движењето на дрвната маса од ознака за сеча: фаза сеча, фаза дотур, фаза превоз од шума до склад на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Македонски шуми; од склад на Јавното претпријатие до складот на правни лица регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти; од склад на Јавното претпријатие и правните лица регистрирани за промет на дрво до крајниот купувач; како и од шума или склад на ЈП и правните лица за промет на дрво и дрвни сортименти до пилана. Електронскиот систем за следење на дрвната маса согласно член 69-а од Законот за шуми се воспостави и се води во Јавното претпријатие Македонски шуми;
- Спроведување на ценовникот за продажба на дрвни сортименти;
- Продажба на техничко дрво на правни субјекти со склучување на рамковен договор со поднесување на апликација до 31.12.2017 год. и рок на склучување годишен договор врз основа на рамковен договор до 15.01.2018 год. Продажба на техничко дрво на правни субјекти со годишен договор (без рамковен договор) со поднесување на апликација до 31.12.2017 год. и рок на склучување на годишен договор од 01.01.-15.02.2018 год., под услови согласно Правилникот за продажба на дрвни сортименти;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти (здруженија, синдикати и субјекти кои огревното дрво го користат во процесот на производство и за затоплување) кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2018 година, својот интерес да го доставaт во вид на барање (апликација) најдоцна до 31.12.2017 год. во подружниците на ЈП, а рокот за склучување на договори од 01.01.-10.02.2018 год.;

- Продажба на огревно дрво на правни субјекти кои се регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти со рок на аплицирање и склучување на договори од 15.12.2017 год.(во дирекцијата на ЈП) до исполнување на слободните планирани количини на огревно дрво;
- Продажба на огревно дрво на физички лица (пензионери и инвалиди), како и физички лица од социјално ранливи категории (социјални случаи, лица со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители, стечајни работници, семејства на бранители, членови на семејства на вработени кои загинале при работа), кои имаат намера да склучат договори за купопродажба на огревно дрво за 2018 год. рокот за поднесување на апликација и ссклучување на договор е од 15.12.2017 год. (во подружниците на ЈП) до исполнување на слободните планирани количини на огревно дрво во ПШС или до 31.03.2018 год.;
- ЈП "Македонски шуми" ќе превзема активности за заштита на шумите: како и Согласно насоките на Владата на РМ, ќе се продолжат проектите во кои е даден приоритет од загрозеност од шумски пожари - Стратегија за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави, со акционен план за реализација на проекти и набавки, за потребите на ЈП Македонски шуми-Скопје.

-Формирање на тренинг центар за заштита на шумите од пожари кој ќе овозможи тренинг на гасначи, кадар за командување при гаснење на пожарите и кадар за изработка на оперативни планови за заштита на шумите од пожари;

-Формирање на специјализирани противпожарни единици за гаснење на шумски пожари во рамките на три регионални центри (подружници) на ЈП „Македонски шуми";

-Набавка на специјални возила за прва интервенција (иницијален напад) и специјални возила — теренски цистерни за локализирање и гаснење шумски пожари;

-Обука за изработка на годишни оперативни планови за заштита на шумите од пожари;

-Спроведување на јавна кампања помеѓу граѓаните за опасноста од шумските пожари во рамки на превентивно делување од областа на заштита на шумите;

-Спроведување на медиумска кампања за опасноста од шумските пожари како превентивна мерка за заштита од шумски пожари;

-Спроведување на технички мерки - картирање, редукција на горливиот материјал и изградба на противпожарни просеки во вештачки подигнати шумски насади;

-Поставување на опрема за видео надзор на контролните рампи и систем за следење на движењето на дрвна маса и останатите објекти во функција на заштита на шумите;

-Одредување на рути и контрола на шумочуварска служба.

- Вршење анализа на работењето на Подружниците на Јавното претпријатие и превземање на соодветни мерки за нивното работење;
- Наградување и стимулирање на Подружниците во Јавното претпријатие кои даваат исклучителен придонес од работењето;
- Во врска со Акцијата "Ден на дрвото-засади ја својата иднина" ЈП Македонски шуми до Владата на Р.Македонија достави Информација за вкупно потрошени финансиски средства за спроведување на Акцијата "Ден на дрвото-засади ја својата иднина" (од почетокот до сега), со резултатите и ефектот од реализацијата на акцијата. Владата на 13.02.2018 година ја усвои горе наведената информацијата и во тек е изготвување на нова Информација за Барање за пребивање на потрошени финансиски средства за спроведување на Акцијата "Ден на дрвото-засади ја својата иднина" за период 2008-2016 година;
- Во 2018 ќе продолжи имплементацијата на светските стандарди за производство според ИСО 9001: 2008;
- Во 2018 ќе продолжи воведувањето и примената на ИТ- стратегија, а одредбите од истата ќе се реализараат во период од 3 години;
- Зголемување на финансовата дисциплина, согласно законските прописи и актите на ЈП "Македонски шуми";
- Доследно спроведување на законската регулатива во сите области на работењето на ЈП "Македонски шуми";
- Зголемување на соработката со државните институции, ЈП е во постојана соработка со Секторот за шумарство, со Шумската полиција и со Државниот инспекторат за шумарство и ловство при МЗШВ, а со заедничка цел за унапредување на шумарството во РМ;

Доколку раководството успее да ги постигне и оствари поставените цели, успесите и резултатите од работењето би биле поголеми.

Скопје,
15.03.2018 г.

ЈП "Македонски шуми" - Скопје
Директор,
Зоран Ѓорѓиев